**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11-09. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3931 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - **Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)**

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 август 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 септември 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)
   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);
   - **Член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (јавниот радиодифузен сервис е обврзан дневно да емитува најмалку 60% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот);
   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван на 4 август 2017 година, **е констатирано прекршување на член 92 ставови 2 и 14 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (најмалку 60% изворно создадена програма во Република Македонија на јазиците на немнозинските заедници и половина од таа програма да ја емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 4 август 2017 година, МРТ2, Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје емитуваше 5 часа и 48 секунди програма изворно создадена во Република Македонија на

јазиците на немнозинските заедници, што е **28.22%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (17 часа 45 минути и 58 секунди). Законскиот минимум од 60% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 4 август што влегува во пресметка за изворно создадена програма (17:45:58), е 10 часа 39 минути и 35 секунди. МРТ2 емитуваше за 5 часа 38 минути и 47 секунди помалку изворна програма од тоа време, што е спротивно на член 92 став 2 од Законот.

Половина од законскиот минимум (60%) е 5 часа 19 минути и 47 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на јазиците на немнозинските заедници, што медиумот требало да ја емитува **во периодот од 07:00 до 19:00 часот**. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, **МРТ2 емитуваше вкупно 4 часа 26 минути и 7 секунди, односно за 53 минути и 40 секунди помалку изворна програма** од тоа време, што е спротивно на член 92 став 14 од Законот.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), на 4 август 2017 година, не емитуваше најмалку 60% изворно создадена програма во Република Македонија на јазиците на немнозинските заедници, ниту пак, најмалку половина од нејзе емитуваше во периодот од 07.00 до 19.00 часот.

## 9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***